Врз основа на член 39 став 2 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ “ бр.5/02) и член 20 став 2 од Статутот на општина Василево-Пречистен текст (,,Службен гласник на Општина Василево” бр12/20) донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
за свикување на втората седница на
Советот на општина Василево

Ја свикувам втората седница на Советот на општина Василево за ден 25.11.2021 година (четврток) со почеток во 13,00 часот, во просториите на Спортска сала при ООУ Гоце Делчев Василево.

По усвојувањето на записникот од претходната седница на Советот на општина Василево, за работа на седницата на Советот на општина Василево го предлагам следниот

ДНЕВЕН РЕД

1. Предлог – Решение за формирање на Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој;
2. Предлог – Решение за формирање на Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната среднина и природата;
3. Предлог – Решение за формирање на Комисија за општествени дејности;
4. Предлог – Решение за формирање на Комисија за земјоделие и заштита на животните и растенијата;
5. Предлог – Решение за формирање на Комисија за статут и прописи;
6. Предлог – Решение за формирање на Комисија за јавна безбедност, безбедност на сообраќајот и противпожарна заштита;
7. Предлог – Решение за формирање на Комисија за еднакви можности;
8. Предлог – Решение за формирање привремена Комисија за изработка на Предлог - Програма за работа на Советот на Општина Василево за 2022 година;
9. Предлог – Одлука за определување на членови на Советот на општина Василево да учествуваат во постапката при склучување на бракови во општина Василево;
10. Предлог – Решение за разрешување и именување на член на Училишниот одбор на ООУ „Гоце Делчев“ Василево;
11. Предлог – Решение за разрешување и именување на член на Училишниот одбор на ООУ „Атанас Нивичански“ Нова Маала;
12. Предлог-Решение за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на ЈОУДГ „Прва Радост“ Василево;

13. Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Илми Мустафов од с.Градошорци.
14. Измена на Годишен план за вработување за 2021 година на ООУ „Гоце Делчев“ Василево.
15. Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Црковен одбор Св.Наум с.Чанаклија.
16. Финансиски извештај на ЈП ,, Турија “ за трето тромесечие за 2021 година од 01.01.2021 до 30.09.2021 година.
17. Квартален извештај за извршување на Буџетот за 2021 година за периодот од 01.01.2021 до 30.09.2021 година (К-1).
18. Квартален извештај за доспеаните а неизмирени обврски на општина Василево за периодот од 01.01.2021 до 30.09.2021 година (К-2).
19. Квартален извештај за промените на состојбата на задолжувањето на општина Василево за периодот од 01.01.2021 до 30.09.2021 година (К3).
20. Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Црковен одбор од Доброшинци;

Совет на општина Василево
Претседател
Ристо Делијанов